# ПРИЛОГ XI

# Програма за подобрување

СОДРЖИНА

**XI.1 Општо** ........................................................................................................ 1
**XI.2 Програма за подобрување со предлог активности** ........................................ 2

# XI.1 Општо

Со цел исполнување на законските обврски при преземањето на инсталацијата Еуроникел Индустри ДОО, побара од „Фени Индустри“ АД Кавадарци-во стечај да го ангажира Друштвото за еколошки консалтинг „Деконс- Ема“ ДООЕЛ Скопје да подготви Извештај за генерална еколошка ревизија, која ќе биде искористена во понатамошната постапка за пренос на А-Дозволата за усогласување со оперативен план за Инсталацијата на новиот Оператор, како и во постапката на добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола.

Друштвото за еколошки консалтинг „Деконс-Ема“ ДООЕЛ Скопје, лиценцирано за процена на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина подготви Извештај од Генерална еколошка ревизија.

Извештајот од Генералната еколошка ревизија се подготвуваше во периодот ноември 2018 до јануари 2019 година.

Согласно Извештајот од Генералната еколошка ревизија Еуроникел Индустри предвиде активности за подобрување на работењето на инсталацијата, согласно кои изготвена е Програма за подобрување со предлог активности.

## XI.2 ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ СО ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Табела 1.** Предвидени активности за подобрување на работењето на Инсталацијата кои произлегуваат од препораките на извршената генерална еколошка ревизија во согласност со законските прописи.

| Ознака | Активност | Временски период на реализација |
|---|---|---|
| Активност бр.1 | Чистење и перење на сообраќајниците во топилницата со што ќе се намали фугитивната емисија. | Континуирано<br>Веднаш по добивањето на дозволата |
| Активност бр.2 | Реконструкција на патот помеѓу пералната за камиони и вагата со што ќе се намали создавањето и изнесувањето на кал од инсталацијата. | Еднократно<br>1 (една) година по добивањето на дозволата |
| Активност бр.3 | Поставување на мобилна танкавана под сите садови кои содржат гориво и масла како и поставување на апсорбенски материјал и прибор за собирање, со што ќе се подобри постапувањето со горива и масла. | Еднократно<br>3 (три) месеци по добивањето на дозволата |
| Активност бр.4 | Испитување на присуство на масла и горива во отпадните води на точките на испуст, со цел испитување на ефикасноста на маслофаќачите. | Еднократно/Континуирано<br>Веднаш по добивањето на дозволата |
| Активност бр.5 | Склучување договор со овластена компанија за преземање и третман на милта од пречистителната станица. | Еднократно/Континуирано<br>Веднаш по добивањето на дозволата |
| Активност бр.6 | Подобрување на складирањето на хемикалиите во одделот Водостопанство, односно создавање на услови сите хамикалии да се складираат во затворениот дел врз непропустлива танквана или резервоар, со што ќе се подобри постапувањето со хемикалии. | Еднократно<br>3 (три) месеци по добивањето на дозволата |
| Активност бр.7 | Санација на оштетениот згуснувач бр.1 и редовно отстранување на милта од згуснувачите и таложните базени со што ќе се подобри системот за рециркулација и третман на отпадни води. | Еднократно/Континуирано<br>3 (три) месеци по добивањето на дозволата |
| Активност бр.8 | Проширување на кровната конструкција на локацијата за собирање на отпадни масла и масти и насочување на потенцијалното истекување на масла и масти кон сепараторот на Локацијата со што ќе се подобри постапувањето со опасен отпад. | Еднократно<br>1 (една) година по добивањето на дозволата |